РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

12-626/2
04-08-2021

Државната комисија за спречување на корупцијата, врз основа на членот 22 и членот 23 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.12/19), член 40 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата и Упатството за рангирање на предметите за постапување на ДКСК по основ на доставени пријави (бр.03-2233/1 од 12.02.2021 година), постапувајќи по предмет оформен по пријава од познат подносител, на третото продолжение на 50-тата седница, одржано на 23.07.2021 година ја донесе следната

**ОДЛУКА**

Пријавата со број 12-626/1 доставена до Државната комисија за спречување на корупцијата од подносителите /// од Скопје и /// од Скопје на 09.02.2021 година, врз основа на која е оформен предмет со број 12-626/1 од 09.02.2021 година, **СЕ ОТФРЛА**.

Со оглед на тоа што содржината на пријавата и деталите од приложената документација упатуваат на правосилно завршени постапки со правосилни решенија против кои веќе постапува друг надлежен орган, Државната комисија за спречување на корупцијата оцени дека нема основа за преземање на други мерки и активности во рамки на нејзино постапување по предметот со број 12-626/1 од 09.02.2021 година согласно одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси.

Предметот со број 12-626/1 од 09.02.2021 година да се затвори и да се архивира.

До подносителите на пријавата да се достави Одлуката на ДКСК, со образложението.

Одлуката на ДКСК, со образложението, во деперсонализирана форма, да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

**Образложение**

Предметот со број 12-626/1 од 09.02.2021 година е оформен врз основа на пријава од подносителите /// од Скопје и /// од Скопје, доставена до ДКСК на 09.02.2021 година.

Во пријавата се изнесени наводи за недоследна примена на одредби од Законот за денационализација од страна на надлежните за негово спроведување при постапување во предмет во кој според наведеното во пријавата е повредено индивидуално право на подносителите и на други физички лица во чие име истите се обраќаат во својство на наследници на недвижен имот, поради што упатуваат повик за поведување на постапки, до ДКСК и до други институции.

Според наведеното во пријавата, наследниците во 2001 година поднеле барање за денационализација до Министерството за финансии по кое било постапено при што во 2002 година од страна на надлежната подрачна единица на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство до Министерството за финансии било предложено како надоместок за одземеното земјоделско земјиште да се додели парцела во КО ///, сопственост на Република Македонија. Парцелата не била доделена во периодот до 2015 година, кога подрачната единица на МЗШВ повторно се обратила до Министерството за финансии односно до Комисијата за одредување на вид на надомест во постапка за денационализација при

Адреса: „Пресвета Богородица" бр.3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3215 377
https://www.dksk.mk

ова министерство, упатувајќи на истата парцела како предлог–надомест, со посочување дека парцелата од 2004 година е предмет на закуп. Според наведеното во пријавата, Комисијата за одлучување по барања за денационализација донела решение во кое како вид на надомест се утврдени три други катастарски парцели неземјоделско земјиште, и покрај тоа што во 2016 година Управата за имотно-правни работи во Струмица со записник од вешто лице укажала дека површините од трите парцели се необработено, обраснато и поплавено неземјоделско земјиште – водни површини кои се користеле за градба на ловечки колиби за отстрел на прелетен дивеч во ловна сезона. Подносителите посочуваат дека во 2019 година предметот е на постапување пред Управен суд.

При разгледување на предметниот случај ДКСК ги зеде предвид предметните наводи и изврши увид во документацијата доставена во прилог на пријавата, којашто содржи: копија од одговор на барање од 2020 година од Комисијата за одлучување по барањата за денационализација со содржано известување за правосилно завршена постапка за денационализација и известување за изјавена тужба до Управен суд од 2019 година; копија од новинарски текст; копии од писмени обраќања на наследниците до министри; копија од списи од постапката за денационализација меѓу кои и копии од известувања до надлежни органи во постапката; копии од коресподенција меѓу наследниците и надлежните органи.

Со оглед на тоа што деталите од пријавата и од приложената документација упатуваат на правосилно завршени постапки со правосилни решенија против кои веќе постапува друг надлежен орган, ДКСК оцени дека нема основа за преземање на други мерки и активности во рамки на нејзино постапување по предметот согласно одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси.

Имајќи го предвид погоре наведеното, Државната комисија за спречување на корупцијата одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

По заклучок на седница на ДКСК
Изработено од: А.Р.М.
Одобрено од: м-р Ш.С., член на ДКСК

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Претседател**
**Билјана Ивановска**